UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| Study program | Бизнис и економија (2016/2017) |
| --- | --- |
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 180 |
| Титула | Дипломиран по бизнис и економија |
| Архивски број на акредитација [180] | 17-893/1 |
| Решение за почеток со работа | 03-3237/2 (10.11.2017) |
| Датум на акредитација | 01.04.2016 |

## Опис на програмата

Наставната програма Бизнис и економија претставува балансирана комбинација на основно теоретско знаење и на специфични професионални вештини. Структурата на тригодишната програма опфаќа студии кои по природа се динамични и интерактивни. Програмата е дизајнирана да понуди теми од областа на економијата и менаџментот, имплементирајќи го овој концепт преку наставна програма. Предметите кои се застапени во оваа програма претставуваат перспективи кои се базираат врз теорија која тесно е поврзана со практичната примена во светот на бизнисот. Оваа програма им овозможува на студентите стекнување потребни способности и искуство за: економската теорија, примената на менаџментот, финансиите, како и економетриска анализа на податоците.

Студиската програмата Бизнис и економија  има за цел:
• Да ги подготви студентите за позицијата на лидери во профитабилни и во непрофитабилни организации во земјава и насекаде низ светот.
• Да ги подготви студентите за градење кариера во областа на економија и менаџмент, но и во приватниот сектор во областа на финансиите.
• Да овозможи стекнување истражувачки способности и искуство за: економска теорија, употребата на менаџментот, финансиите, како и економетриска анализа на податоците.
• Да го развива концептот на практично работење на студентите.
• Да го развива концептот на критичко размислување на студентите.
• Да овозможи студентите активно да се вклучат во предавањата со цел независно да вршат истражување во сите области на економија и менаџмент.
• Да овозможи развој на лични способности, на комуникација, на истражувања и на други значајни способности кои се потребни за вработување.

За време на тригодишната студиска програма на студентите им се дадени можности за практична работа (internship), со  што ќе се оспособуваат да ги применат своите стекнати знаења и вештини во областа.
Студиската програма по  Бизнис и економија нуди можност за двојна диплома (Dauble Degre) во соработка со Универзитетот во Лондон (UoL) - London School of Economics (LSE). Основната содржина на програмата опфаќа предмети кои се нудат и од британскиот  универзитет - LSE. Предметните програми се компатибилни со наставната програма на LSE. LSE, исто така, обезбедува  поддршка за реализација на програмата преку литература, предметни програми, наставни планови, испити и примери на видеопредавања.

## Кариера

Студиската програма по Бизнис и економија ќе им овозможи на студентите:
- Да добијат општо образование во дициплините што ставаат акцент на теоријата и пратиката на менаџментот, додека сè уште останува специјализирањето во економија.
- Сеопфатно да ја проучат економијата со менаџмент, опција која им овозможува да имаат критичен поглед на прашањата поврзани со менаџментот.
- Да добијат обука за принципите на економијата и нивните апликации.
- Да го разберат менаџментот како наука со широка општествена основа и како мултидисциплинарна област.
- Да се запознаат со соодветните алатки за анализа за да се справаат со прашања и проблеми на економските политики.
- Да ги разберат организациите, клучните аспекти од нивниот менаџмент и надворешната средина во која тие функционираат.
- Да имаат средина каде што ќе можат да ги развијат своите интерперсонални и комуникативни вештини.
- Да имаат цврста основа за понатамошно студирање како и за вработување.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Ги има потребните знаења за следниве деловни функции: економија, менаџмент, финансии, бизнис и менаџмент во глобален контекст, принципи на сметководство, корпоративно управување, стратешки менаџмент, управување со човечки ресурси и маркетинг.
- Има знаење за функционалните области на економија и менаџмент, тековните истражувања и иновациите, идните трендови, како и за влијанието на овие случувања врз теоријата и практиката.
- Има знаење и разбирање за националната, регионалната и за глобалната економска ситуација на пазарот.
- Има познавање за менаџерските теории, анализа и известување.
- Стекнува силна основа за тоа како да се развие економијата и да се биде подготвен за кариера или за постдипломски студии поврзани со економија и менаџмент, менаџмент или со сродни полиња.
- Има разбирање за различни алатки за донесување менаџерски одлуки.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Способност за професионално пишување и за понатамошно развивање задачи во економија и менаџмент и нивно спроведување во реалниот живот.
- Способност да помогнат во формулирањето и во практичното спроведување на општи менаџерски планови и стратегии.

### Способност за проценка

- Да размислуваат критички и да ги применуваат теоретските и практичните знаења и искуства за идентификација и за анализа на економски проблеми.
- Критички да ги анализираат и да ги оценуваат идентификуваните менаџерски можности.

### Комуникациски вештини

- Покажуваат разбирање на индивидуалната и групната динамика во организациите.
- Функционираат ефикасно во тимската работа.
- Ефективно се справуваат со луѓе од различни социјално, економско, културно и верско потекло.
- Покажуваат разбирање и чувствителност за етичките, социјалните и за правните одговорности на компаниите.
- Ги прикажуваат бизнис-идеите наефективен начин.
- Демонстрираат клучни преговарачки вештини.
- Ги интерпретираат деловните податоци и економските индикатори.

### Вештини на учење

- Можат да пребаруваaат и да детектираат извори на учењето.
- Можат да се оспособуваат за индивидуално и тимско учење.
- Имаат способност да употребуваат научна литература и да прават анализа на размислувањата и оцените на други

автори.

# Листа на предмети

## Семестар 1

- [BE-102] [6.0 ЕКТС] **Вовед во бизнис и менаџмент**
- [BE-103] [6.0 ЕКТС] **Основи на математика**
- [BE-101] [6.0 ЕКТС] **Вовед во економија**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**

## Семестар 2

- [BE-201] [6.0 ЕКТС] **Принципи на сметководство**
- [BE-202] [6.0 ЕКТС] **Микроекономија**
- [BE-203] [6.0 ЕКТС] **Основи на статистика**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**

## Семестар 3

- [BE-301] [6.0 ЕКТС] **Макроекономија**
- [BE-302] [6.0 ЕКТС] **Основни концепти на менаџмент**
- [BE-303] [6.0 ЕКТС] **Финансиско сметководство**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет Е**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет**

## Семестар 4

- [BE-401] [6.0 ЕКТС] **Принципи на банкарство и финансии**
- [BE-403] [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на човечки ресурси**
- [BE-402] [6.0 ЕКТС] **Основи на економетрија**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од општа група изборни предмети**

## Семестар 5

- [BE-501] [6.0 ЕКТС] **Финансии на корпорации**
- [BE-502] [6.0 ЕКТС] **Монетарна економија**
- [BE-503] [6.0 ЕКТС] **Принципи на маркетинг**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од општа група изборни предмети**

## Семестар 6

- [BE-601] [6.0 ЕКТС] **Бизнис - моделирање со Ексел**
- [BE-602] [6.0 ЕКТС] **Јавни финанции**
- [BE-603] [6.0 ЕКТС] **Економија на трудот**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од општа група изборни предмети**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

# Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Вовед во бизнис и менаџмент**
  Целта на овој предмет е да се воведат студентите во менаџментот, а посебно во бизнисот. Како дел од

предметот се опфатени основните менаџерски функции, односно планирање, организирање, водење, контрола. Студентите ќе се запознаат и со поспецифични теми како што се делегирање на авторитет, подготвување организациони шеми, развој и имплементација на организациони политики, организирање процес на прозводство, квалитет, контрола на расходи и сл. Притоа студентите треба:  Да се оспособат во деловна организација да ја идентификуваат менаџерската работа согласно со основните активности кои се опфатени со процесот на менаџмент и менаџерските и извршните функции кои се применуваат.  Да се оспособат да спроведат анализа на внатрешното и надворешното окружување на бизнисот, вклучувајќи ги организационата култура како и предизвиците поврзани со управување во меѓународно, мултинационално и во глобално окружување.  Да се оспособат соочени со специфична ситуација да спроведат соодветна анализа и да понудат предлози во правец на преземање активности со кои би се промовирало етичко однесување.  Да се оспособат да вршат процена и вреднуавње на деловните планови, како и да бидат во состојба да утврдат алтернативни начини за подобрување на плановите, а со тоа и да придонесат за ефективноста на планирањето и одлучувањето.  Да се оспособат во рамки на организационите шеми да ги идентификуваат функционалните елементи на организацијата и врз таа основа да понудат алтернативи за подобрување на организациониот дизајн.  Да се оспособат зависно од дефинираната потреба за човечки ресурси да осмислат функционален систем на рекрутирање и селекција кој би резултирал со соодветно екипирање на деловната организација.  Да се оспособат, соочени со соодветно лидерско сценарио, да предложат активности кои би опфатиле конкретни чекори за мотивирање и лидерсто за да се влијае врз однесувањето на вработените.  Да се оспособат да даваат алтернативни мислења во правец на подобрување на процесот на комуницирање во деловна организација, опфаќајќи тука и некои специфични аспекти како што се менаџирање на меѓуперсоналните односи, работните групи и на тимовите.  Да се оспособат по потреба да подготват планови кои би ги опфателе основните аспекти на менаџерската контрола како што се управување со информации, операции, квалитет и со продуктивност. Општо гледано овој предмет ги опфаќа следните општи цели:  Стекнување знаење (терминологии, класификации, трендови);  Учење на основните принципи или теории;  Учење како наученото да може да се спроведе во реалноста (за да се подобрат размислувањето, способноста за разрешување проблеми и донесувањето одлуки);  Развој на специфични вештини, компетентности и пристапи кон размислување за ситуации и проблеми;  Стекнување способност за соработка со други како дел од работна група или тим;  Поттикнување на креативноста;  Развој на способноста за писмено и усно изразување на мислењата и на ставовите  Учење како да се најдат и да се искористат расположливи ресурси за учење и за разрешување проблеми;  Разбирање на лични вредности и нивен развој.  Оспособување за критичка анализа на идеи, аргументи и на мислења;  Поттикнување за вклучување во дебати и отворање теми за дискусија.

- **Основи на математика**
  Цели на предметната програма: Целта е да студентите се запознаат со основните вештини од областа на калкулусот и линеарната алгебра за да истите ги применат во другите предмети и области од сферата на економијата. Меѓу другото целта е да студентите се запознаат и целосно да ги совладат поимите: За функција (како посебно пресликување), начините на задавање на една функција, својствата на функција, изводи, решавање на проблеми во врска со цртање граф на една функција од која што може да се прочитат сите особини и карактеристики на функциите кои што може да се применета во областа на економијата. Исто така има за цел студентите да се запознаат со поимот интеграл и истиот да го применета во различни практични проблеми. Друга цел е да се решат и применат некои проблеми од областа на линеарната алгебра.

- **Вовед во економија**
  Примарната цел на овој предмет е разбирање на главните економски концепти и теории кои се користат во анализа на економските прашања. Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаење за основните принципи, концепти и техники во економијата како наука и во економските анализи. На крајот на предметот студентите треба да бидат во можност да „размислуваат како економисти". Во рамките на овој предмет се истражуваат принципите на микро и макроекономијата, со фокус на примена на знаењето во донесување одлуки во глобален амбиент. По завршување на предметот, студентите треба за се оспособат: да го користат моделот на понудата и побарувачката и да го утврдат влијанието на промените во побарувачката или понудата врз цената и количината; да го дефинираат БДП и да ги калкулираат мерењето, употребата и ограничувањата на БДП како мерка на економска благосостојба; ја дефинираат инфлацијата и калкулираат, да се запознаат со последиците, и како да се прилагодат на тоа; како и да ги опишат улогите и алатките на централната банка.

- **Принципи на сметководство**
  Целта на предметната програма е да се помогне на студентите да ја разберат суштината на сметководството; да ги научат совладаат основите на сметководството, неговите концепти и принципи. Поспецифично, целта е студентите да стекнат знаење и разбирање на финансиските извештаи, нивните компоненти, основните

правила на книжење на сметководствените податоци, користење на сметководствените документи.

- **Микроекономија**
  Цели на предметната програма: • Разбирање на основните теори на оптимазија на економските агенти и ефикасноста која произлегува од пазарот како целина. • Анализирање на стратегиската интеракција и интеракцијата под асиметричната информација. • Објаснување на улогата на економската политика како алатка во услови на пазарен неуспех. • Промовирање на способноста да се размислува за структурната рамка и да се објаснуват формалните аргументи. • Демонстрирање на моделите кој бараат поедноставување на проблемите со идентификација на клучните елементи без да се надпоедноставуват проблемите.

- **Основи на статистика**
  Целта на предметот е апликација на статистичките методи на менаџмент, економија и општествени науки. Вниманието ќе биде насочено кон интерпретација на табелите и резултатите и кон соодветен начин на пристап на статистичките проблеми, на елементарно математичко ниво. Идеите на веројатност, инференција и мултиваријантна анализа се претставени и понатаму образложени кај предметот Статистика 2.

- **Макроекономија**
  Предметот има за цел продлабочување на знаењата од областа на макроекономијата, а пред сѐ анализирање на состојбите и определување на мерките за оптимизација на економијата во целина. Особено е важно студентите практично ги разбираат состојбите и да можат да ги разбираат методите на дизајнирање и на донесување на макроекономските политики на ниво на национална економија. Ќе бидат опфатени: аспектот на менаџирање на макроекономските политики од типот на моделот ИС-ЛМ па се до нивна практична примена, макроекономските фактори и двигатели на една национална економија со посебен осврт врз економијата на Р.Македонија; сите аспекти од економија на побарувачката до економија на понудата.

- **Основни концепти на менаџмент**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со основите на менаџментот, неговата генеза и дефинирање, како и со основните принципи врз кои треба да се базира работата на секој иден менаџер. Студентите ќе стекнат основни познавања од областа на основните функции на менаџментот како планирањето, организирањето, координирањето, мотивирањето и контролата. - Да ја идентификуваат менаџерската работа согласно со основните активности кои се опфатени со процесот на менаџмент и менаџерските и извршни функции кои се применуваат. - Да се оспособат да спроведат анализа на внатрешното и надворешното окружување на бизнисот, вклучувајќи ја тука и организационата култура како и предизвиците поврзани со управување во меѓународно, мултинационално и во глобално окружување. - Да се оспособат студентите соочени со специфична ситуација да спроведат соодветна анализа и да понудат предлози во правец на преземање активности со кои би се промовирало етичко однесување. - Да се оспособат студентите да вршат оцена и вреднување на деловните планови како и да бидат во состојба да утврдат алтернативни начини за подобрување на плановите, а со тоа да придонесуваат за ефективноста на планирањето и одлучувањето. - Да се оспособат студентите во рамки на организационите шеми да ги идентификуваат функционалните елементи на организацијата и врз таа основа да понудат алтернативи за подобрување на организациониот дизајн. - Да се оспособат студентите соочени со соодветно лидерско сценарио да предложат активности кои би опфатиле конкретни чекори за мотивирање и лидерсто за да се влијае на однесувањето на вработените. - Студентите да се оспособат да даваат алтернативни мислења во правец на подобрување на процесот на комуницирање во деловна организација опфаќајќи тука и некои специфични аспекти како што се менаџирање на меѓуперсоналните односи, работните групи и на тимовите. - Студентите да се оспособат по потреба да подготват планови кои би ги опфатиле основните аспекти на менаџерската контрола како што се управување со информации, операции, квалитет и продуктивност. - Оспособување како наученото да може да се спроведе на дело (за да се подобри размислувањето, способноста за разрешување на проблеми и донесувањето одлуки). - Развој на специфични вештини, компетентности и пристапи кон размислување за ситуации и проблеми.

- **Финансиско сметководство**
  Цели на предметната програма: Во рамките на програмата се опфатени: процесот на книжење, сумирање и известување на огромен број трансакции на бизнисите за да се обезбеди точна слика за неговата финансиска состојба и изведба. Примарната цел на финансиско сметководство е подготовка на главните финансиски извештаи како биланс на состојба, биланс на успех и извештај за паричните текови со која се обелоданува оперативната изведба на претпријатието во текот на одреден период, како и финансиската состојба во одредена точка во времето. Овие извештаи - кои обично се подготвени на квартална и на годишна основа се во согласност со МСС и се насочени кон надворешни страни вклучувајќи ги и инвеститорите, кредиторите и

регулаторните органи и даночните власти.

- **Принципи на банкарство и финансии**
  Цели на предметната програма: - Да дискутираат за финансиските системи, зошто тие постојат и како се структурирани. - Да објаснат зошто релативната важност на финансиските посредници и финансиските пазари е различна насекаде во светот и како банкарски заснованите системи се разликуваат од пазарно заснованите системи. - Да разберат зошто постојат финансиските посредници и да дискутираат за улогата на трансакционите трошоци и теориите за асиметрија на информации во економијата. - Да објаснат зошто е потребна регулативата и да ги претстават клучните причини за и против регулативата на банкарските системи. - Да коментираат за главните видови ризици со кои се соочуваат банките и да ги користат главните техники за менаџирање со овие ризици. - Да објаснат како се вреднуваат недвижностите и финансискиот имот и да користат техники за капитално буџетирање (сегашна нето-вредност, интерна стапка на рентабилност). - Да објаснат како се вреднуваат финансиските средства (обврзници и акции); - Да разбираат како ризиците влијаат врз приносите од ризичните средства (хартии од вредност) во состојба на рамнотежа при користење фундаментална ценовна парадигма (Моделот на средства/капитал-модел и Теоријата за процена на средствата). - Да коментираат дали цените на акциите ги одразуваат сите достапни информации и да ги проценат емпириските докази за информациска ефикасност на финансиските пазари.

- **Менаџмент на човечки ресурси**
  Целта на овој предмет е да се воведат студентите во менаџментот на човечките ресурси и притоа: - Да стекнат соодветни знаења за основните концепции нè менаџментот на човечки ресурси. - Да создадат сопствено мислење за улогата и за важноста на работникот како поединец за обезбедување успешност на деловните организации во современиот глобален свет со сестран техничко-технолошки развој. - Да креираат личен став околу улогата на менаџментот на човечки ресурси во современиот свет. - Да стекнат соодветни знаења за основните активности во однос на менаџментот со човечки ресурси, почнувајќи од дизајнирање на работните места и анализа на работата, преку рекрутација и развој на човечките ресурси, па сè до развојот на човечките ресурси и нивно заминување од работното место. Општо гледано, општите цели на овој предмет се: - Стекнување знаење (терминологии, класификации, трендови); - Учење на основните принципи или теории; - Учење како наученото да може да се спроведе во реалноста (за да се подобрат размислувањето, способноста за разрешување проблеми и донесувањето одлуки); - Развој на специфични вештини, компетентности и пристапи кон размислување за ситуации и проблеми; - Стекнување способност за соработка со други како дел од работна група или тим; - Поттикнување на креативноста; - Развој на способноста за писмено и усно изразување на мислењата и на ставовите; - Учење како да се најдат и да се искористат расположливите ресурси за учење и за разрешување проблеми. - Разбирање за личните вредности и нивен развој; - Оспособување за критичка анализа на идеи, аргументи и на мислења; - Поттикнување за вклучување во дебати и за отворање теми за дискусија.

- **Основи на економетрија**
  Цели на предметната програма: - Да ја разберат употребата на регресивна анализа и сродните техники за квантифицирање на економските односи и за тестирање на економските теории. - Да се оспособат студентите да читаат и да вреднуваат емпириските трудови во стручни списанија. - Да им се овозможи на студентите со практично искуство преку користење мејнстрим регресивни програми да се вклопуваат во економски модели.

- **Финансии на корпорации**
  Целта на предметот е студентите да стекнат знаења и вештини за финансискиот менаџмент, како и за современите теоретски и практични знаења и искуства од анализите на фундаменталните концепти на финансиите на фирмите, финансиските и реалните инвестициски проекти и нивно вреднување преку временската димензија на парите. Притоа студентите се обучуваат како да ги користат соодветните извори на финансирање и стекнуваат знаења за ефикасното управување со капиталот и одредувањето на соодветната структура, утврдувањето соодветна политика на распределба на добивката – политика на дивиденда и се финализира со финансиско планирање и прогнозирање и др. Преку остварувањето на предвидените цели на предметот на студентите им се создаваат нови можности за поконкурентен пристап во пазарот на трудот или, пак, за поефикасно менаџирање на сопствените реални бизниси.

- **Монетарна економија**
  Цели на предметната програма: • Да се разберат пиомот и суштината на теорите поврзани за постоењето на парите и објаснувањето на важноста на парите во трговската размена. • Да се разбере суштината на монетарниот трансмисиониот механизам на влијанието на монетарната маса/ каматна стапка врз економијата.

• Да се осознае развојот на бројните монетарни модели преку кои монетарната политика може да биде вреднувана и ќе се анализира Кензијанската школа која покажува зошто монетарната политика е важна и кога таа е импотентна. • Да се разбире на неизвесностата и како тие што ја прават политиката упоавуват со таквата неизвесност;

- **Принципи на маркетинг**
  Овој предмет опфаќа преглед на маркетинг-функциите, со акцент на создавањето вредност преку: маркетинг, истражување на пазарот, однесување на потрошувачите, стратегии на цените, маркетинг-канали и дистрибуција и методи на промоција. Студентите ќе можат: - Да ја разберат улогата на маркетингот во рамките на општеството и во рамките на економскиот систем. - Да ја сфатат виталната улога на маркетинг во рамките на една фирма и потребните односи меѓу маркетингот и другите функционални области на бизнисот. - Да сметаат на различни области на одлуки во рамките на маркетингот и на алатки и методи кои се користат од маркетинг-менаџерите за донесување одлуки. - Да ги совладаат клучните маркетинг-принципи и терминологијата и концептите - Да оценат како маркетиншкиот аспект е важен во нивниот личен и професионален развој.

- **Бизнис - моделирање со Ексел**
  Цели на предметната програма: - Како претпријатијата да создадат вредност со примена на бизнис-моделот на размислување. - Како се користат функциите на Ексел за бизнис-моделот. - Примена на Ексел во различни сфери на активност преку моделирање.

- **Јавни финанции**
  Цели на предметната програма: Студентите да ги разберат базичните концепти и принципи на јавните финансии и да ги проучуваат фундаменталните инструменти на јавните финансии и начинот на нивна имплементација на ниво на една национална економија. Опфатени се основните содржини за јавните финансии почнувајќи од нормативните и позитивните аспекти на јавните финансии, поставувањето на основните цели и нивното остварување преку јавните приходи, јавните расходи, буџетските разлики (суфицит/дефицит) и управување со јавните долгови, методите на вреднување на проектите и нивните приоритети при финансирање од јавните извори, како и фискалната децентрализација и јавните финансии на ЕУ и нивните трендови.

- **Економија на трудот**
  Цели на предметната програма: Студентите се способни: - Да го разберат процесот на пазарот на одредување плата преку интеракција на понудата и побарувачката на работна сила. - Да се анализира влијанието на пазарот на трудот, несовршеностите и разните владини политики на платите и мотивацијата за работа. - Да се разберат и да се оценат различните импликации на политички и економски институции на платите и вработеноста. - Да се анализира и да се прави разлика меѓу структурите на пазарот на трудот. Да се разбере невработеноста, различните видови на невработеноста и политиките за нејзиното намалување. Да се анализираат односите меѓу инфлацијата и невработеноста.

## Изборни предмети

- **Управувачко сметководство**
  Преку предметот студентите ќе стекнат знаење за концепти и за можноста да се применуваат техники на менаџмент и сметководство, со цел да бидат во можност да придонесат за успехот на фирмата. Сметководство на менаџмент еволуира од едноставно книжење и мерење на трошоците до поддршка на носителите на одлуки од дневен и стратешки карактер. Поради тоа нефинансиските информации се вклучени во сметководствените извештаи за управување, каде што се користат во комбинација со финансиски информации за да се изгради сеопфатна слика која може да потврди зошто секоја поделба, функција, активност, процес и постапката придонесува за тековните и стратешките постигнувања на фирмата.

- **Економија на развој**
  Цели на предметната програма: • Дискусија за главните работи поврзани со економскиот развој; • Оспособување на студентите за примена на економски модели поврзани со развојните проблеми; Разгледување на емпириската литература насочена кон формирање политички препораки.

- **Економска математика**
  Цели на предметната програма: Темелното знаење на математичките концепти е есенцијално за разбирање на

концептите речиси од сите области на економијата. Математиката воопшто, а особено математичките модели се есенцијални за изразување и искажување на главните идеи во економијата. Целта на овој предмет е да им се помогне на студентите за да разберат и да ја користат математиката што е неопходна за проучувањето на економијата и менаџментот. Математичкитsе концепти што ќе се изучат ќе бидат илустрирани со нивна примена во економијата. Целта е да се дадат основните концепти линеарните модели, бројните редови и нивната апликација, пресметувањето на интересот и на задолжувањата, како и оспособување на студентите за носење на одлуки. Исто така целта е да се користат математички модели во теоријата на оптимизација како што е оптимизација на функцијата на трошокот и на профитот и др.

- **Економија за менаџери**
  Цели на предметната програма: - Да им овозможи на студентите да им пријдат на проблемите за менаџерски одлуки користејќи ги начините на економско размислување. - Да се презентираат теми за бизнис-практики со користење аналитички пристап, со користење равенки и нумерички увид.

- **Менаџмент на развој**
  Целта на предметот е примена на институционалниот пристап за проучување на процесот на развој и анализа на корените на развојните и антиразвојните искуства на земјите, регионите и организациите. Пристапот се осврнува на институционалните теории од политичките науки, социологијата и новата институционална економија. Цели на предметот се: • Објаснување на институциите и организациите од теоретски аспект; • Анализа на влијанието на организационите форми врз развојот; • Проучување на координацијата во постојано растечката комплексност на институционалните системи кои се карактеристични за напредните држави; • Анализа како овие карактеристики на комплексната меѓузависност со постоење на состојби на низок или висок развој.

- **Социјални истражувачки методи**
  Цели на предметната програма: • Да се опишат клучните компоненти на социјалното истражување. • Да се стекнат вештини и знаења за квантитативно и квалитативно социјално истражување. Да се идентификуваат критериумите користени за оценување на квалитетот на социјалното истражување;

- **Однесување на потрошувачи**
  Цели на предметната програма: - Да стекнат сознанија за анализа на проблемите во однесување на потрошувачите; - Да стекнат искуство за да можат овие теории да ги применаат во реалниот свет на проблемите во однесување на потрошувачите; - Да научат како однесувањето на потрошувачите може да биде под влијание на различни маркетинг-стратегии; - Да се разбере однесувањето на потрошувачите преку совладување на релевантни психолошки и социолошки теории; - Да се запознаат со актуелното познавање на теоријата и практиката во однесувањето на потрошувачите врз основа на состојбата на уметноста на разбирање на сопствениот идентитет, социјалната идентификација како и личниот концепт за истражување; - Да се развие способноста на студентите да ги применуваат концептите на однесувањето на потрошувачите, проблемите на маркетингот, како и можните импликации;

- **Портфолио на менаџмент**
  Овој предмет се однесува на економските виши форми на организирање на финансиските пазари, односно на пазарите на капитал и пари. Особено внимание се посветува на големиот број хартии од вредност кои засега не се застапени во Република Македонија, како и на профитната логика при изборот на хартиите за оптималното инвестиционо портфолио. Моментот на ризик и потенцијален принос се посебно разработувани како и формите на хеџирање, односно заштита од евентуалното настанување на движења спротивни на очекуваните. Студентите по следењето на овој предмет би биле способни да генерираат хартии од вредност, да вршат хеџирање и дизајнирање сложени доходни структури на хартиите од вредност, да можат лесно да го препознаваат ризикот и да ја проценуваат релативната вредност на посебни видови хартии од вредност и слични.

- **Менаџмент на проекти**
  Предметот е наменет за студентите кои се заинтересирани за разбирање во врска со менаџирање проекти во сферата на бизнисот и општеството, што претставува нов предизвик во сегашноста и во иднина. Предметот опфаќа теоретска рамка во насока на создавање нови знаења и вештини во областа на проектите и нивно ефикасно и ефективно. Студентите преку овој предмет ќе ја зголемат довербата во себеси, но и мотивација за нови научни знаења и практични искуства. Специфичните цели на овој предмет се: • Разбирање на нивото и комплексноста на современите проекти. • Создавање соодветен стратешки систем за креирање и управување со проектите. • Анализирање на улогата на менаџерот на компанијата во насока на структурирање на активностите за поуспешно управување со проектите. • Создавање солиден буџет на проектот. • Изучување

современите методи и техники за управување со проекти и др.

- **Е- трговија**
  Цели на предметната програма: 1. Да ги научат основните концепти и терминологијата на електронска трговија: - Историјата на електронска трговија - E-World: е-бизнис и е-трговија - Бизнис модели за е-трговија - Системи за електронско плаќање - Онлине маркетинг - Е-инфрструктури и друго. 2. Да се запознаат со основните технологии кои се задолжителни за да се реализира е-трговијата денес, вклучувајќи ги: серверите, софтверот, интернет-конекциите, системите за онлине плаќања и нивната безбедност, е-колачиња итн. 3. Примена на концептите за е-трговија и теорија во практика со правење соодветна анализа на бизнис-модели и технологии и донесување одлуки за најсоодветни решенија. 4. Разбирање на процесот на создавање веб-продавница и негово поврзување на истиот со систем за онлине плаќања. 5. Студентите да бидат во можност да ја ставаат идејата на хартија при создавање бизнис-модел и да се запознаат со финансиите. 6. Студентите да бидат во можност да ги разликуват разните онлајн маркетинг алатки и да можат да применуваат некои од нив во практика. 7. Студентите да бидат во можност да ги испитаат безбедноста на информациите, етичките и социјални прашања и да знаат како да пристапуваат во дадени случаи. 8. Да се запознаат со интернетот и со клауд-компјутинг.

- **Мал бизнис и претприемништво**
  Целта на предметот е да се подготват студентите да ги употребуваат техниките и методите за дизајн и менаџмент на производите и услугите, да управуваат со нив и да можат да ги применуваат во бизнис-компаниите.

- **Дизајн и менаџмент на производ**
  Целта на предметот е да ги подготви студентите да ги употребуваат техниките и методите за дизајн и менаџмент на производите и услугите, да управуваат со нив и да можат да ги применуваат во бизнис-компаниите.

- **Меѓународни финансии**
  Цел на предметната програма е да се даде вовед за меѓународниот финансиски менаџмент и да се потенцира зошто е важно да се учат меѓународните финансии, а посебно да се направи разлика меѓу меѓународни и домашните финансии. Опфатени се различните видови на меѓународните монетарни системи врз основа на кои светската економија може да работи и да функционира во различни времиња, Европската монетарна унија, концептите на билансот на плаќање и сметководство. Се дава и преглед на корпоративното управување во светот, а структурата на корпоративното управување во голема мера се разликува од земја до земја, како одраз на различни културни, економски, политички и правни системи.

- **Меѓународна економија**
  Цел на предметната програма е студентите да бидат информирани и да можат да ги применуваат истите информации и знаења со што ќе ги подобрат своите вештините за критичка анализа. Преку овој предмет студентите ќе го прошират капацитетот за апстрактно резонирање и ќе им помогне да ги применуваат апстрактните концепти во практичната реалност на современиот економски живот

- **Стратегија**
  Целта на овој предмет е насочување кон стратегиското размислување. Се проучуваат ситуации во кои два или повеќе одлучувачи се во интеракција која се однесува на стратегиските прашања. Разбирањето на стратегиските ситуации кои вклучуваат конфликт и соработка се покажало како успешно во многу области како економикс, бизнис и сл. Преку овој предмет освен што ќе се запознаат студентите со основите на бизнис-стратегијата се нуди и можност за подобрување на стратегиските способности на на размислување во услови на интеракција.

- **Јавно говорење**
  По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења за процесот на комуникација, етичките одговорности на јавниот говорник, како и за различните модели на информативни и убедливи говори. Освен тоа, студентите ќе стекнат и вештини за: подготовка и доставување различни видови говори, анализа на публиката, истражување на говорни теми, подготовка на говори итн. По завршувањето на предметот Јавно говорење студентите ќе бидат во можност да размислуваат критички преку конструктивна самокритика и преку критика за говорите на другите.

- **Дебата и презентациски вештини**
  Преку овој предмет студентите: Ќе стекнат вештини за ефективно дискутирање и аргументирање и со доверба

пред публика. Ќе градат, ќе развиваат и ќе вежбаат презентирање на аргументи на различни начини, вклучувајќи индивидуална работа, работа во парови и групна презентација. Ќе научат да користат реторика на убедување со цел да изнајдат логични аргументи за поткрепа на одредена позиција поврзана со актуелни теми. Ќе се запознаат подетално со процесите на формално дебатирање, односно со британскиот парламентарен стил на дебатирање.;

- **Меѓукултурни студии**
  По завршувањето на овој предмет студентите ќе можат да ги идентификуваат: глобалните прашања и проблеми од перспектива на различни култури, комуникациската динамика во другите култури, сличностите и разликите меѓу своите вредности и оние на другите култури, како и сличностите и разликите меѓу нивните комуникациски практики и оние од другите култури. Освен тоа, од студентите се очекува да станат посвесни за стереотипите кои ги има во општеството за различните култури и ќе почнат подобро да го разбираат своето место во глобалната заедница. Студентите критички ќе се вклучат во размислувања за својата етничка припадност, полот и родовиот идентитет, класата, верата, националното потекло, возраста и за другите демографски карактеристики како и за нивното влијание врз комуникациските процеси. По завршувањето на предметот Меѓукултурни студии, студентите ќе стекнат и комуникациски вештини за работа во групи преку учество во истражувачки проекти и вештини за презентација на своите истражувачки проекти.

- **Комуникациски вештини**
  Преку предметот Комуникациски вештини студентите ќе можат практично да ја применуваат меѓучовечката комуникација. Студентите ќе имаат можност да совладуваат интерперсонални вештини (како перцепција, слушање, вербална и невербална комуникација); јавно говорење (како организација, испорака и основи на пишување јавни говори) и комуникација во мала група (како лидерство, самоувереност и слушање). Предметот е фокусиран и на основните познавања и разбирања за процесите на барање работа, како со писмена така и со усна комуникација, преку задачи како што се: пишување биографија, мотивациско писмо, симулации за интервјуирање итн.

- **Напреден Excel**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат напредни познавања за примената и за можностите понудени од апликацијата микрософт ексел (Microsoft Excel) и воедно да се оспособат за реализирање напредни задачи поврзани со соодветната програма на нивниот факултет.

- **Напредни ИТ-вештини**
  Цели на предметната програма се студентите: Да им се овозможи на студентите да стекнат основни познавања и вештини од областа на информатичките науки. Да стекнат теоретски и практични знаења за апликациите на микрософт офис (Microsoft Office) (Windows, Word, PowerPoint, Excel, Access) и да ги применуваат во реалниот живот. Да се оспособат да работат индивидуално или во група на практични проекти.

- **Напреден Ворд**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат сознанија за можностите на апликациите микрософт ворд и пауер поинт и да се оспособат самостојно да реализираат проекти и конкретни сложени задачи поврзани со соодветната програма.

- **Гугл апс**
  Цели на предметната програма се: Студентите да стекнат напредни познавања и вештини од областа на електронските сервиси (cloud applications); Студентите да стекнат теоретски и практични знаења за апликациите гугл докс (Google Docs) (G-mail, Documents, Spreadsheets, Presentations, Drawings и Forms ) и да ги применуваат во реалниот живот; Да се оспособат студентите да работат индивидуално или во група на разни проекти, и тоа онлајн, директно преку веб-прелистувачот.

- **Напреден акцес**
  Базите на податоци се идеални алатки за следење на голем обем на податоци, а микрософт акцес е многу популарен и претставува моќно средство кое се користи за дизајнирање и за развивање бази на податоци базирани на виндоус (Windows). Овој предмет е наменет за нови корисници на акцес при што се обработуваат најважните функции потребни за работа со бази на податоци.

- **Десктоп-публикации**
  Целта на овој предмет е дизајн и обработка на растер и вектор графика преку водечките програми Adobe Photoshop и Illustrator како и дизајнирање и публикација на комерцијални материјали за печатење со помош на

Adobe In Design.

- **Веб-публикации**
  Развивање дури и едноставна веб-страница според важечките стандарди бара познавање на Hypertext Markup Language (XHTML) и Cascading Style Sheets (CSS). Повеќето веб-страници користат и слики, во форма на банери, копчиња, логоа, слики или скенови. Adobe Fireworks е изграден како алатка за да се креира и да се манипулира со слики наменети за веб и да им овозможи на креаторите да ги оптимизираат овие слики, со цел да се намали големината на датотеката. Fireworks, исто така, обезбедува одлична интеграција со Dreamweaver. Оваа серија обезбедува сеопфатен вовед во XHTML, CSS и креирање веб-графика.

- **Албански јазик и култура на пишување**
  Предметот Албански јазик со култура на пишување е синтеза на правила и упатства кои се предвидени да ги подобрат вештините на писменото и усното изразување на албански. Подобрувањето на овие вештини, пред сè, се предвидува да се постигне преку запознавање со правописните правила, некои морфолошки норми и норми на синтаксата на албанскиот јазик, кои се потребни за да се постигне правилната употреба на јазикот. Потоа, посебен акккент се става врз мотивирањето на студентите за течен говор, подигање на свеста за употреба на албанскиот чист стандарден јазик. Посебен простор опфаќа и поттикот на волјата за подобрување на процесот на пишување, освестувајќи ги студентите за разликите во видовите на напишаните текстови, но и за свеста за академски интегритет (плагијатура), не оставајќи го недопрено и опфќањето на специфичната терминологија на различни области кон кои се ориентирани студентите. Предвидено е овие теми да им се понудат на студентите како комбинирани наставни единици, односно како правила, упатства и вежби кои меѓусебно се надополнуваат.

- **Албански јазик за специфични цели**
  Предметот има за цел подобрување и усовршување на изразувањето на албански јазик, било да е тоа усмено или писмено. Конкретно предметот има за цел да ги запознае студентите со специфична терминологија, со можностите на нејзината употреба, со најчестите грешки во секјодневниот говор но и за комуницирањето во специфични околности. Студените ќе се запознаат со условите во кои тие правила функционираат за да можат да ги употребат не само за задачите кои се однесуваат на предметот туку и во нивниот понатамошен професионален ангажман.

- **Академско пишување на англиски јазик**
  Целта на овој предмет е студентите да ги развијат академските вештини за пишување на различни начини. На студентите ќе им се овозможи да ги изложуваат своите идеи на јасен, течен и на ефективен начин за да создадат едне напишан текст. Студентските академски вештини ќе се развијат постепено преку вежбите што помагаат во пишувањето, како: пишување различни видови параграфи и есеи. Исто така, студентите ќе се запознаат со правилата за цитирање и парафразирање и ќе разберат што значи плагијат. Повратната информација на едно напишано дело ќе содржи поправање на грешките од самите студенти, поправање на грешките меѓу самите студенти и поправање на грешките од предавачот во однос на содржината, организацијата и на јазичните грешки.

- **Академско пишување на македонски јазик**
  По завршувањето на Академско пишување на македонски јазик, од студентите се очекува да постигнат соодветни знаења и напредна комуникација на македонски јазик со посебен акцент на вештините на пишување на македонски јазик. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да преземат одговорност за своето учење. По завршувањето на предметот Академско пишување на македонски јазик, студентите ќе бидат во можност да ги надградат своите способности за пишување на повеќе нивоа и со тоа да станат посигурни и покомпетентни во пишувањето на македонски јазик и ќе бидат во можност да размислуваат критички на различни теми и сами да донесуваат заклучоци, како и да стекнат способност за одлична писмена и усна комуникација на македонски јазик.

- **Академско пишување на албански јазик**
  По завршувањето на секое ниво, од студентите ќе се очекува да можат да пишуваат есеј и научноистражувачка работа според правилата научени за време на предавањата. Конкретно од нив ќе се очекува овие знаења да ги имаат изградено над знаењата за функцијата, градбата и за видовите параграф, начинот на одбирање тема за научноистражувачка работа, собирањето на материјалот, правилата за документирање на изворот итн., па сè до завршниот модел.

- **Германски јазик (ниво 1 до 4)**
  Германски јазик (ниво 1 до 4),"По завршувањето на секое ниво, од студентите се очекува да достигнат

соодветни знаења според Европската јазична рамка кои се посебно и конкретно одредени според нивото. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да преземат одговорност за своето учење. По завршувањето на предметите по германски јазик, студентите ќе бидат и во можност да размислуваат критички на различни теми и сами да донесуваат заклучоци врз основа на прочитаните текстови, како и писмено и усно да ги изразуваат своите мислења и ставови.

- **Заштита на животната средина**
  Цели на предметната програма се студентите да стекнат знаења за: основните проблеми на животната средина; улогата на човекот како клучен фактор во процесот на загадувањето и заштита на животната средина; влијанието на разните загадувачи на животната средина врз здравјето, професионалната активност и врз организациската способност на факторот човек; создавањето позитивни навики за животната средина како и за подигањето на свеста за потребите за поздрава и почиста средина; меѓународната и националната легислатива како и меѓународните конвенции за животната средина; за меѓународните и националните глобални политики во сферата на животната средина; животната средина како услов за одржлив економски развој; улогата на општеството во процесот на заштита на животната средина; за главните ризици на здравата животна средина; за Националната стратегија за животната средина на Р. Македонија.

- **Професионален рзавој на кариерата**
  Овој предмет се однесува на барањето, добивањето и на задржувањето на работата. Преку него студентите ќе стекнат содветни работни вештини за потребите на модерните работни места. Специфична задача ќе биде ефективно составување биографија (CV), пишување писмо за интерес/барање, вештини за интервјуирање и за формална комуникација во рамките на канцеларијата (мемос, формални електронски пораки до претпоставените или до клиентите, извештаи). Дополнителни елементи кои ќе ги опфатат се спроведување самоевалуција, управување со интерканцелариски конфликти и барање промоции. Примарен фокус на овој предмет ќе биде вработувањето. Вештините добиени во рамките на овој предмет може да се применуват во работниот процес.

- **Човекови права и слободи**
  Борбата за човекови права започнува со историските напори за да се запознаат со истите. Со текот на времето, корпусот на слободите и правата на човекот и граѓанинот што се инкриминирани со закони или меѓународните договори се шири, но тоа сигурно тоа не е показател дека тие се почитуваат и имплементираат во практиката. Човековите права се до сега се сметало дека преставуваат или се дел од внатрешните работи на државите (според принципот на апсолутниот суверенитет), а само во поново време се стекнаа со насловот на jus cogens норми. Студентите преку овој курс ќе се запознаат со развитокот на доктрината за човековите права, видовите и категориите на човековите права и ќе ги проучуваат соодветните документи кои го регулираат тие права. Целта на овој предмет е: да сезапознаат студентите со концептот на меѓународното право за човекови права, спроведување на истите, влијанието во креирањето на националните политики; Тоа ке ги поттикне студентите да размислуваат критички на односот меѓу меѓународното право и националното право; да ги направи свесни за сегашните меѓународни настани, како тие влијаат врз секојдневниот живот на луѓето во светот; да ги поттикне студентите да се придонесе во областа на изготвување на законите за заштита на човековите права.

- **Информациски системи и организации**
  Цели на предметната програма: 1. Да ги научат основните концепти и терминологијата на информациските системи a. Основни информациски системи и концепти: хардвер, софтвер, мрежи, b. E-World: е-бизнис и е-трговија, c. Развојни процеси. 2. Да научат повеќе за информациските системи и технологии кои ги подобруваат бизнис-вредноститите и разните бизнис-процеси во организациите. 3. Да ги применат е-концептите со различни управувачки дисциплини, при процес на анализа, интерпретација, процена и одлука. 4. Да го разберат процесот на редизајнирање на организации преку користење информациски системи. 5. Да ја опишат улогата на информациските системи во донесувањето одлуки. 6. Да ја испитат безбедноста на информациите, како и етички и социјалните прашања. 7. Да се запознаат со Интернетот, електронската трговија и е-бизнисот. 8. Да се оспособат студентите да работат на проекти, индивидуално или групни, кои по природа можаат да бидат: студии на случај, научноистражувачки проекти, развојни проекти или практична работа.

- **Деловно право на организации**
  Во рамките на овој предмет студентите се запознаваат со основните институти, како што се: трговец, трговец -

поединец и трговски друштва, основање на трговските друштва, форми на трговските друштва, застапување на друштвата; трговски полномошник и трговски патник; деловна тајна; трговски регистар и постапка за упис; трговски книги, годишни сметки и финансиски извештаи и статусни промени на трговските друштва.

- **Деловно комуницирање**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со концептот на деловното комуницирање. Во последниве години сè повеќе компании ги применуваат техниките на деловно комуницирање и како главна алатка за одговор на сè позаострената конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско, но пред сè и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со менаџерите како и при одржување состаноци, интервуирање други, како да одговараат при интервјуирање, преговарање како и мотивирање на сите околу нив.

- **Демократија и демократизација**
  Цели на предметната програма: Студентите преку овој предмет ќе ги стекнат следниве вештини, знаења и пристапи: • Разбирање на процесите, теориите и на емпириските анализи поврзани со политичките институции и со политичкото однесување; • Способност да се имплементира процес на критичко размислување и примена на основните методи на истражување и квантитативна анализа; • Стекнување ефективни писмени комуникациски вештини;

- **Демократската политика и државата**
  Цели на предметната програма: • Студентите да демонстрираат знаење и разбирање на политичките процеси во модерните либерални демократии. • Студентите да можат критички да ги анализираат постулатите на либералната демократија. Студентите да имаат соодветни вештини и знаење да ги имплементираат најважните теоретски концепти и модели во анализирањето на клучните институции во современата држава како и критички да ги евалуираат разните теории на државата.

- **Методи на продажба и дистрибуција**
  Цели на предметната програма: • Презентирање на елементите на пазарот и неговите институции од аспект на неговото влијание врз вршењето на прометот; • Осознавање на факторите кои влијаат врз развојот на трговијата; • Осознавање на носителите на трговската дејност; • Осознавање на прашањата поврзани со трошоците, маржите - рабатот и со формирањето на малопродажната цена; • Формулирање и водење на трговската политика;

- **Развој на кариера**
  Во рамките на предметот е опфатен процесот за рано планирање и развој на кариерата. Процесот вклучува самоанализирање, истражување за кариера, планирање и следење прелиминарни стратегии за вработување итн. Филозофијата на предметот е дека овој процес е тековен, систематски и цели кон живот исполнет со работа што е дел од целосниот план за личен развој. Ангажирањето во овој процес треба да биде предизвикувачко, интересно и да претставува задоволство. Овој ќе помогне за транзицијата од студент во вработен и ќе помогне во поставувањетоа подиректен пат за испонување на долгорочните цели за кариера преку предвидување и учење на потребните вештините, теми и искуство за влезна работа којашто ќе биде најдобрата точка за почнување на кариерата кон која се стремите.